Јавна општинска установа-библиотека
"ФЕТКИН"-КАВАДАРЦИ
Бр 04-149/7
02.09. 2022 год
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 77-ж од Законот за култура (Службен весник на РСМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Р.С.М бр .27/14,199/14, 27/16, 35/18) и член 21,23,24,25,26 и 27 од Законот за работни односи (Службен весник на РСМ бр 167 од 28.09.2015, Измената на ЗРО од 15.02.2016 и Измената на ЗРО од 29.06.2016, Директорот на ЈОУ Библиотека Феткин Кавадарци на ден 22.08.2022 год ја донесе следната :

# Р Е Ш Е Н И Е

За избор на (1) едно лице давател на јавни услуги по објавен оглас

Во врска со објавениот јавен оглас број 04-149/2 од 22.07.2022 година , Директорот на ЈОУ Библиотека Феткин Кавадарци ГО ПРИФАЌА предлогот на Комисијата за постапка за вработување доставен до него заедно со прилозите од 1 и 2 фаза за селекција и како давател на јавни услуги на неопределено работно време на работно место - Библиотекар со шифра КУЛ 03 04 Д03 001 се избира лицето :

**- Тања Кузманов**

*О б р а з л о ж е н и е*

Постапката за вработување на даватели на јавни услуги во Библиотека Феткин Кавадарци е согласно со Годишниот план за вработување за 2022 година број 01-125/1 од 22.07.2021 година, за кој има Позитивно мислење бр.09-3561/4 од 25.10.2021 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, како и согласно обезбедената финансиска согласност со број 18-3079/2 од 07.06.2022 година на Министерството за финансии.

Управниот одбор при ЈОУ Библиотека Феткин Кавадарци донесе Одлука за распишување на јавен оглас за вработување на неопределено време на 1 извршител, Давател на јавни услуги Библиотекар бр 02-143\5 од 15.07.2022 година, заради вработување на неопределено време.

Јавниот оглас за вработување на неопределено време на 1 извршител Библиотекар бр.04-149/2 е објавен на ден 22.07.2022 година во, Агенцијата за вработување и во три дневни весници: Нова Македонија, Вечер и Коха.

Рокот за пријавување на јавниот оглас беше 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

По завршувањето на рокот за пријавување Комисијата пристапи кон 1 фаза и тоа административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас. Кандидатите кои ја поминале 1 фаза преминуваат во 2 фаза интервју кое се состои од општи прашања, општи компетенции, стручни прашања.

По завршувањето на постапката Комисијата достави Предлог до мене како Директорот на Библиотека Феткин Кавадарци за вработување на кандидатот кој освоил најмногу поени, а тоа е кандидатот Тања Кузманов со освоени вкупно 85 поени.

Согласно дадениот предлог и придружната документација се одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

Библиотека Феткин Кавадарци
Директор
Петар Гурев

Јавна општинска установа-библиотека "ФЕТКИН" Кавадарци